


## ШТО Е РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ (РОБ)?

„Родово одговорното буџетирање претставува примена на интегрирање на родовата перспектива во буџетскиот процес. Тоа всушност е проценка на буџетите од родова гледна точка, вклучувајќи ја родовата перспектива на сите нивоа од буџетските процеси и врши преструктуирање на приходите и расходите со цел да се промовира родовата рамноправност" .

Родово одговорното буџетирање е исто така познато и како:
„буџети за жени", родово сензитивни буџети", „родови буџети" и „општествено одговорни буџет".

Поимот родово одговорен буџет (РОБ), упатува на сите овие иницијативи и е широко прифатен уште од осумдесеттите години на дваесеттиот век. Овој поим стана популарен пред триесеттина години во Австралија, каде се преземени првите иницијативи за родово одговорното буџетирање кои имаа влијание врз слични проекти насекаде низ светот.

**БУЏЕТИТЕ СЕ КЛУЧНИ ПОЛИТИЧКИ ДОКУМЕНТИ
ШТО ЈАСНО ГИ ПОКАЖУВААТ ВЛАДИНИТЕ ПРИОРИТЕТИ
БУЏЕТИТЕ ВЛИЈААТ ВРЗ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ НА РАЗЛИЧЕН НАЧИН!**

Родово одговорно буџетирање е пристап што бара **ВОВЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА ПЕРСПЕКТИВА ВО ГЛАВНИТЕ ТЕКОВИ** на владиното ПЛАНИРАЊЕ, БУЏЕТИРАЊЕ И МОНИТОРИНГ на изведбата, и дополнително во макроекономските политики кои ги обликуваат овие процеси.

МТСП
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Родово одговорното буџетирање се спроведува за да се осигура дека владините буџети соодветно се осврнуваат на приоритетите за родова рамноправност и придонесуваат за економско јакнење на жените.

Родово одговорното буџетирање НЕ се однесува на поделба на владините пари на жените и мажите по принцип 50/50.

Родово одговорното буџетирање на владиниот буџет гледа како на една целина, од родова перспектива. Ги разгледува родово-специфичните потреби и приоритети на жените и мажите, сосредоточувајќи се на различните ранливи групи.

Родово одговорно буџетирање истовремено гледа и на собирањето на приходите и на јавните расходи низ родовата призма. Го анализира влијанието што буџетот го има врз родовата рамноправност и го разгледува процесот низ кој се носат буџетските одлуки и се прават приоритетите.

Родово одговорното буџетирање е пристап кој ги прозива сите релевантни институции да преземат неопходни мерки за да се исполнат заложбите за родова рамноправност.

## ЗОШТО Е ВАЖНО РОДОВО ОДГОВОРНОТО БУЏЕТИРАЊЕ?

Да се поддржи спроведувањето на заложбите за родова рамноправност во согласност со документите на националните, регионалните и глобалните политики.

Да се поттикнат вложувањата во човечкиот развој, земајќи ги предвид постојаните нерамноправности меѓу жените и мажите.

Да се фрли светло на невидливите придонеси на жените во општеството од областа на производството и економијата за помош и грижа на други лица.

Да се воспостави врска меѓу буџетските политики и благосостојбата на жените

Да се пркоси на родовата слепост/неутралност на макроекономските политики (фискална политика, политика за помош и грижа, задолжувања, и тн.), ставајќи го во преден план родово разделеното влијание кои тие го имаат.

Да се зголеми транспарентноста и отчетноста и да се насочат напори кон структурните нерамноправности со цел да се постигне одржлива промена.

Да се создаде простор за носење на одлуки каде ќе бидат вклучени сите засегнати страни, со што ќе се осврне внимание врз потребите на жените и мажите и ќе се слушне гласот на најранливите групи.

Да им се овозможат на групите од граѓанското општество и женските групи пристапи преку кои ќе бараат заложби од владата и донаторите за постигнување родова рамноправност и јакнење на жените.

## КОИ СЕ ЧИНИТЕЛИ ВО РОБ?

- Националните влади: Министерствата за финансии, ресорните министерства, државните институции
- Локалните самоуправи
- Парламентот
- Градските совети
- Главниот државен ревизор
- Граѓанското општество, организациите кои доаѓаат од заедницата и поборниците за правата на родовите прашања
- Академските/истражувачките институти

## ПРИСТАПОТ НА ПЕТ ЧЕКОРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РОДОВО ОДГОВОРНОТО БУЏЕТИРАЊЕ:

1. Опишете ја состојбата на жените, мажите, девојките и момчињата
2. Проверете дали политиките се родово сензитивни, т.е., дали тие ја опфаќаат идентификуваната состојба (од чекор 1)
3. Проверете дали е распределен соодветен буџет за спроведување на програми кои ги отсликуваат родово сензитивните политики
4. Проверете дали расходите се извршувани според планираното
5. Опишете ја состојбата на жените, мажите, девојките и момчињата

Пристапот на 5 чекори беше развиен во Јужна Африка и е еден од најпопуларните аналитички рамки. Детални информации за пристапот можете да најдете во „Engendering budgets. A Practitioners' Guide to Understanding and Implementing Gender-responsive Budgets, од авторите Debbie Budlender and Hewitt Guy.

Budlender, Debbie and Guy, Hewitt. Engendering budgets. A Practitioners' Guide to Understanding and Implementing Gender-responsive Budgets. Commonwealth Secretariat. 2003.

Печатењето на пристапот на 5те чекори за родово одговорното буџетирање е поддржано од Министерството за труд и социјална политика, во рамките на регионалниот проект на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија", финансиски поддржан од Австриската развојна агенција и Швајцарската агенција за развој и соработка.
Copyright © UN Women

UN WOMEN

WITH FUNDING FROM
AUSTRIAN DEVELOPMENT COOPERATION

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

# ПРИСТАПОТ НА ПЕТ ЧЕКОРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РОДОВО ОДГОВОРНОТО БУЏЕТИРАЊЕ:

Опишете ја состојбата на жените, мажите, девојките и момчињата

Проверете дали политиките се родово сензитивни, т.е., дали тие ја опфаќаат идентификуваната состојба (од чекор 1)

Проверете дали е распределен соодветен буџет за спроведување на програми кои ги отсликуваат родово сензитивните политики

Проверете дали расходите се извршувани според планираното

Опишете ја состојбата на жените, мажите, девојките и момчињата



## ЧЕКОР 1: АНАЛИЗИРАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА ЖЕНИТЕ, МАЖИТЕ, ДЕВОЈКИТЕ И МОМЧИЊАТА

**ЦЕЛ:** Да се обезбеди доказ за споредбената состојба на жените и мажите во конкретни области, врз основа на родово разделени податоци.

**ЗОШТО Е ОВА ВАЖНО:** Да се идентификуваат и подобро да се реагира на различните потреби, интереси и приоритети на жените и мажите во областа која е предмет на интерес.

Да се земе предвид начинот на кој родот се вкрстува со останатите основи на дискриминација како што се расата, етничката припадност, возраста, рурално/урбано место на живеење, итн.

## ШТО Е РЕЗУЛТАТОТ ОД ЧЕКОР 1?

- Да се идентификува јазот во достапноста на полово разделени податоци во конкретните сектори
- Да се подготви извештај за анализа на состојбата заснован на полово разделени податоци со цел идентификување на родовите јазови и нерамноправноста во конкретните сектори.

На крајот од овој чекор, како резултат треба да добиете:

**ИЗВЕШТАЈ ЗА АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА**

МТСП
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# КАДЕ ДА СЕ БАРААТ ИНФОРМАЦИИ:




## Примарни извори на податоци:

- интервјуа
- набљудување
- анализа на случаи
- прашалници
- анкети
- фокусни групи
- етнографски студии

## Секундарни извори на податоци:

Извори за родови информации и податоци во самата држава:

- податоци од попис;
- анкети извршени во домаќинствата;
- националната статистичка служба;
- националната родова машинерија;
- секторски агенции за административни податоци;
- истражувачки институти и библиотеки;
- организации на жени и друго организации на граѓанско општество;
- „тинк-тенк“ (think – tank) организации и независни истражувачки институти;
- дополнителни извори, објавени или необјавени, и
- и родово разделени бази на податоци што се однесуваат на целите од конкретните области/сектори.

## Меѓународни извори на онлајн родови информации:

- GenderStats: база на податоци за родови статистики развиена од Светска Банка (http://genderstats.worldbank.org)
- Одделението за статистика на Обединети нациите (http://unstats.un.org/unsd).
- Економската комисија за Европа на Обединетите нации (UNECE): Вебсајтот за родови статистики за Европа и Северна Америка (http://www.unece.org/stats/gender).
- Извештајот на Обединетите нации за човечкиот развој (http://hdr.undp.org/)

Печатењето на пристапот на 5те чекори за родово одговорното буџетирање е поддржано од Министерството за труд и социјална политика, во рамките на регионалниот проект на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија“, финансиски поддржан од Австриската развојна агенција и Швајцарската агенција за развој и соработка.
Copyright © UN Women

UN WOMEN

WITH FUNDING FROM
AUSTRIAN DEVELOPMENT COOPERATION

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

# ПРИСТАПОТ НА ПЕТ ЧЕКОРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РОДОВО ОДГОВОРНОТО БУЏЕТИРАЊЕ:

Опишете ја состојбата на жените, мажите, девојките и момчињата

Проверете дали политиките се родово сензитивни, т.е., дали тие ја опфаќаат идентификуваната состојба (од чекор 1)

Проверете дали е распределен соодветен буџет за спроведување на програми кои ги отсликуваат родово сензитивните политики

Проверете дали расходите се извршувани според планираното

Опишете ја состојбата на жените, мажите, девојките и момчињата



## ЧЕКОР 2: ПРОЦЕНА НА РЕАКТИВНОСТА НА РОДОВО СЕНЗИТИВНИТЕ ПОЛИТИКИ

### ЦЕЛ:

Да се оцени дали е за очекување одредена политика или програма да ги зголеми родовите нерамноправности опишани во чекор 1.

### ЗОШТО Е ОВА ВАЖНО:

- Точно да се утврдат родовите нерамноправности и начинот на кој општите родови политики и секторски политики посветуваат внимание на истите.
- Да се направат заложби конвенционалните политики да бидат преиспитани низ призмата на родот и да се види дали постои контрадикција со родовите политики.

Претходно, мора детално да посочиме како ова може да се постигне.

На крајот од овој чекор, како резултат треба да добиете:

**ИЗВЕШТАЈ СО ОЦЕНА ДАЛИ Е ЗА ОЧЕКУВАЊЕ ОДРЕДЕНА ПОЛИТИКА ИЛИ ПРОГРАМА ДА ГИ ЗГОЛЕМИ РОДОВИТЕ НЕРАМНОПРАВНОСТИ**

МТСП
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# ШТО Е РЕЗУЛТАТОТ ОД ЧЕКОР 2?

**Истражувајќи подлабоко од родова перспектива, анализата може да ги покаже:**

- Предизвиците и пречките со кои се соочуваат жените и мажите при ползување на придобивките од конкретните политики/програми
- Степенот до кој политиката/програмата одговорила на потребите на жените и мажите идентификувани во чекор 1
- Препорачани измени што политиката/програмата треба да ги земе предвид врз основа на анализите наведени погоре во текстот




# КАДЕ ДА СЕ БАРААТ ИНФОРМАЦИИ:

**Следните документи може да бидат корисни при идентификување на родовата реактивност на одредена политика во една држава:**

- Национален план за развој, стратешки документ за намалување на сиромаштијата и слични документи;
- Национална политика за жени/род;
- Национален акционен план за стратегии за спроведување на Пекиншката платформа за акција
- Извештаи во рамки на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените;
- Секторски политики;
- Анализи на политиките спроведени од академици и женски организации
- Анализи на политики спроведени од мултилатерални и билатерални развојни агенции.

Повеќе информации може да се најдат на веб страната на Одделението на Обединетите нации за унапредување на положбата на жените (UNDAW): Информации за државата (http://www.un.org/women-watch/daw/country). Информациите на сајтот вклучуваат:

- Национални акциони планови барани со Пекиншката платформа за акција;
- Одговори на прашалникот на Генералниот секретар наменет за владите во врска со спроведувањето на Пекиншката платформа за акција;
- Поднесените извештаи на државите според CEDAW.

Печатењето на пристапот на 5те чекори за родово одговорното буџетирање е поддржано од Министерството за труд и социјална политика, во рамките на регионалниот проект на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија“, финансиски поддржан од Австриската развојна агенција и Швајцарската агенција за развој и соработка.
Copyright © UN Women

UN WOMEN

WITH FUNDING FROM
AUSTRIAN DEVELOPMENT COOPERATION

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

# ПРИСТАПОТ НА ПЕТ ЧЕКОРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РОДОВО ОДГОВОРНОТО БУЏЕТИРАЊЕ:

Опишете ја состојбата на жените, мажите, девојките и момчињата

Проверете дали политиките се родово сензитивни, т.е., дали тие ја опфаќаат идентификуваната состојба (од чекор 1)

Проверете дали е распределен соодветен буџет за спроведување на програми кои ги отсликуваат родово сензитивните политики

Проверете дали расходите се извршувани според планираното

Опишете ја состојбата на жените, мажите, девојките и момчињата




## ЧЕКОР 3: ОЦЕНА НА БУЏЕТСКИТЕ АЛОКАЦИИ

**ЦЕЛ:** Да се види дали буџетските алокации се соодветни за спроведување на родово одговорната политика која е предмет на интерес.

**ЗОШТО Е ОВА ВАЖНО:** Фокусот да се сосредоточи на самиот буџет и да се изврши негова анализа. Да се идентификува степенот до кој средствата се погрешно распределени, доколку вториот чекор открие дека политиката не е родово сензитивна.

На крајот од овој чекор, како резултат треба да добиете:

**ПРОЦЕНА НА БУЏЕТОТ КОЈА ПОКАЖУВА ДАЛИ БУЏЕТСКИТЕ АЛОКАЦИИ СЕ СООДВЕТНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РОДОВО ОДГОВОРНАТА ПОЛИТИКА КОЈА Е ПРЕДМЕТ НА ИНТЕРЕС**

МТСП
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# КАКО МОЖЕ ОВА ДА СЕ ПОСТИГНЕ:




Со разгледување на самиот буџет, како главен извор на информации. (Може да постојат повеќе различни табулации на буџетот - на пр. според функција, сметководствени и програмски. Програмските табулации се најкорисни за анализа на родовото буџетирање, особено доколку содржат информации за конкретните цели и показатели).

Дополнително, предвид може да бидат земени други документи: владите често објавуваат документи кои даваат информации за работењето на разни министерства во изминатата година и планови за следната година. Овие, заедно со буџетскиот извештај, потпомагаат при анализа на буџетските износи.

Подетален буџет, како што е буџетот за одредена програма или подпрограма може да се обезбеди од владата или ресорните министерства.

# ШТО Е РЕЗУЛТАТОТ ОД ЧЕКОР 3?

- Да се покаже дали буџетските алокации се соодветни за спроведување на програмата која е предмет на интерес.
- Да се идентификува дали распределбата на буџетот е извршена на родово рамноправен начин (за да се обрне внимание кон нерамноправноста, потребен е да се има одговор од буџетот).
- Да се идентификува начинот на кој се носат буџетските одлуки и кои биле претпоставките врз кои се донесени тие одлуки.
- Да  се посочи кој ги носи буџетските одлуки, кој влијае врз истите и на кого не му е дозволено да влијае.
- Да се препознае родовото влијание на буџетите со цел подобро да се таргетираат потребите за кои се предвидени конкретните буџетски линии
- Да се подготват препораки доколку е потребно преструктуирање на буџетот.

Печатењето на пристапот на 5те чекори за родово одговорното буџетирање е поддржано од Министерството за труд и социјална политика, во рамките на регионалниот проект на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија“, финансиски поддржан од Австриската развојна агенција и Швајцарската агенција за развој и соработка.
Copyright © UN Women

UN WOMEN

WITH FUNDING FROM
AUSTRIAN DEVELOPMENT COOPERATION

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

# ПРИСТАПОТ НА ПЕТ ЧЕКОРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РОДОВО ОДГОВОРНОТО БУЏЕТИРАЊЕ:

Опишете ја состојбата на жените, мажите, девојките и момчињата

Проверете дали политиките се родово сензитивни, т.е., дали тие ја опфаќаат идентификуваната состојба (од чекор 1)

Проверете дали е распределен соодветен буџет за спроведување на програми кои ги отсликуваат родово сензитивните политики

Проверете дали расходите се извршувани според планираното

Опишете ја состојбата на жените, мажите, девојките и момчињата



## ЧЕКОР 4: МОНИТОРИНГ НА ТРОШЕЊЕТО И ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА УСЛУГИТЕ

**ЦЕЛ:**

**Да се изврши мониторинг на трошењето преку обезбедување разни видови на податоци за анализа на родовото буџетирање, по можност, податоците да бидат полово разделени.**

**КАКОВ ВИД НА ПОДАТОЦИ СЕ ПОТРЕБНИ:**

Во предвид треба да бидат земени три вида на податоци. Најверојатно, податоците нема да бидат поделени врз основа на родот, ниту пак врз основа на било што друго.

Видот на податоци потребен за анализа на родовото буџетирање може да се подели на 3 категории:

1.**Влезните податоци** го мерат она што е внесено во процесот ( на пр. износ на буџетирани пари или персоналот распределен за спроведување на програмата која е предмет на интерес);

2.**Излезните податоци** ги мерат директните производи на програмата што е предмет на анализата (на пр. бројот на корисниците кои примаат медицински услуги или бројот на изградени клиники).

3. **Резултатите** мерат резултати од политиката или програмата што е предмет на анализа (на пр. подобрено здравство, образовни нивоа и расположливост на време).

Проценете дали на располагање има показатели за резултати. Во случај кога не постојат показатели за резултати, тогаш владите или надворешните аналитичари може исто така да се заинтересирани за развивање на повеќе попречни показатели за родовата сензитивност на буџетот.

## ШТО Е РЕЗУЛТАТОТ ОД ЧЕКОР 4?

- Да се покаже дали трошењето е во рамки на буџетските алокации на програмата предмет на интерес.
- Да се оцени дали буџетските расходи се спроведуваат на родово рамноправен начин.
- Да се добие извештај за мониторинг кој содржи листа со показатели измерени преку родово разделени податоци на ниво на резултат.

На крајот од овој чекор, како резултат треба да добиете:

**ИЗВЕШТАЈ ЗА МОНИТОРИНГ НА ТРОШЕЊЕТО ПРЕКУ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ НА ПОДАТОЦИ ЗА АНАЛИЗА НА РОДОВОТО БУЏЕТИРАЊЕ, ПО МОЖНОСТ, ПОДАТОЦИТЕ ДА БИДАТ ПОЛОВО РАЗДЕЛЕНИ.**

МТСП
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Печатењето на пристапот на 5те чекори за родово одговорното буџетирање е поддржано од Министерството за труд и социјална политика, во рамките на регионалниот проект на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија“, финансиски поддржан од Австриската развојна агенција и Швајцарската агенција за развој и соработка.
Copyright © UN Women

UN WOMEN

WITH FUNDING FROM
AUSTRIAN DEVELOPMENT COOPERATION

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

# ПРИСТАПОТ НА ПЕТ ЧЕКОРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РОДОВО ОДГОВОРНОТО БУЏЕТИРАЊЕ:

Опишете ја состојбата на жените, мажите, девојките и момчињата

Проверете дали политиките се родово сензитивни, т.е., дали тие ја опфаќаат идентификуваната состојба (од чекор 1)

Проверете дали е распределен соодветен буџет за спроведување на програми кои ги отсликуваат родово сензитивните политики

Проверете дали расходите се извршувани според планираното

Опишете ја состојбата на жените, мажите, девојките и момчињата




## ЧЕКОР 5: ОЦЕНУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

**ЦЕЛ:**

Да се оцени одредена политика или проект врз основа на своите резултати.

**ЗОШТО Е ОВА ВАЖНО:**

Политиката или програмата што е предмет на интерес ќе има влијание врз влезните и излезните податоци далеку побргу отколку што ќе влијае врз резултатите. Вообичаено, многу е тешко да се припише одреден резултат на една конкретна, или единствена политика или проект. Оттука, оценувањето на резултатите станува крајно релевантно.

## КАКО МОЖЕ ОВА ДА СЕ ПОСТИГНЕ:

Разни методи се разликуваат од држава до држава, и се посебно скроени за потребите на самата држава. Треба да се воспостави систем за оценување, кој ќе посочува кога е спроведена последното оценување, кога ќе биде извршено следното оценување, и кои се главните критериуми за идните преиспитувања.

На крајот од овој чекор, како резултат треба да добиете:

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ОДРЕДЕНА ПОЛИТИКА ИЛИ ПРОЕКТ ВРЗ ОСНОВА НА СВОИТЕ РЕЗУЛТАТИ.**

МТСП
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Печатењето на пристапот на 5те чекори за родово одговорното буџетирање е поддржано од Министерството за труд и социјална политика, во рамките на регионалниот проект на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија“, финансиски поддржан од Австриската развојна агенција и Швајцарската агенција за развој и соработка.
Copyright © UN Women

UN WOMEN

WITH FUNDING FROM
AUSTRIAN DEVELOPMENT COOPERATION

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC